**20130130474**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

# У К А З
# ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2013 година.

Бр. 07-404/1
21 јануари 2013 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Член 1

Во Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија” број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10 ,47/11, 148/11 и 59/12), по членот 47 се додава нов член 47-а ,кој гласи:

„Член 47-а

Заштитата, одржувањето и повторното воспоставување на биотопите и на живеалиштата се остварува преку:

- прогласување на заштитени подрачја,
- одржување и управување во согласност со еколошките потреби на живеалиштата, во и надвор од заштитените подрачја,
- повторно воспоставување на уништените биотопи и
- преземање на мерки за создавање на биотопи.“

Член 2

Во членот 62 став (2) по зборовите: „се потребни за“ се додаваат зборовите: „развој на туризмот во рамките на туристичката развојна зона“.

Член 3

Во членот 117 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кој гласат:

„(4) При планирање на намената на земјиштето, заради подобрување на еколошката кохерентност на мрежата Натура 2000, кога тоа е потребно треба да се земат предвид карактеристиките на пределите кои се од голема важност за дивата флора и фауна.

(5) Како потребни карактеристики на пределот ќе се сметаат оние кои овозможуваат поврзаност на земјиштето, како што се реките со нивните брегови или традиционалните системи за означување на границите на теренот, поради нивната функција како еколошки коридори за премини или за застанување, преселба, ширење и за генетска размена на дивите видови, флора и фауна.“

Член 4

Субјектите кои вршат дејност, односно активност во заштитеното подрачје, а кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, не ги склучиле спогодбите од членот 135-а став (3) од Законот за заштита на природата (“Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2007, 47/11, 148/11 и 59/12) (во натамошниот текст: Законот), се должни во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон да ги склучат спогодбите за регулирање на меѓусебните права и обврски со субјектот, кој согласно со одредбите од Законот и актот за прогласување е задолжен за вршење на работите на управување со заштитеното подрачје.

Субјектот кој согласно со одредбите од Законот и актот за прогласување е задолжен за вршење на работите на управување со заштитеното подрачје, за субјектите кои вршат дејност, односно активност во заштитеното подрачје кои нема да се усогласат во рокот утврден во ставот 1 на овој член, по службена должност поднесува барање за одземање на дозволата до надлежниот орган кој ја издал дозволата за вршење на соодветната дејност, односно активност.

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на природата.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.